**20140511677**

**АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ**

Врз основа на член 56 став (3) точка ж) и став (4) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија” број 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113/2005, 29/2007, 88/2008, 48/2009, 50/2010, 171/2010, 36/2011, 98/2012 и 13/2013) и член 7 став (1) точка ѓ) од Статутот на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (бр. 01-385/3 од 18.03.2013 година) Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, на 26.11.2013 година, донесе

# ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОЦИТЕ ШТО АГЕНЦИЈАТА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ ГИ НАПЛАТУВА ОД ПЕНЗИСКИТЕ ДРУШТВА

Член 1

Во Одлуката за утврдување на висината на надоместоците што Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување ги наплатува од пензиските друштва („Службен весник на Република Македонија” број 36/2013), во член 1 став (1) точка 9) потточката г) се менува и гласи:

„г) пристап кон информациониот систем на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување во висина од 99.75100 денари, месечно.“

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”, а ќе се објави по добивањето согласност од Собранието на Република Македонија.

Бр. 02-1566/7
11 декември 2013 година
Скопје

Претседател
на Советот на експерти,
д-р **Булент Дервиши,** с.р.